# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА


Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

9 Јули 2015
Скопје
Број 7, година X
contact@kiselavoda.gov.mk


**Скопје, Јули, 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за воспоставување соработка
помеѓу Општина Кисела Вода и Градот Скопје
заради изградба на крак од улица „Вера Јоциќ“

1.Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Градот Скопје заради изградба на крак од улица „Вера Јоциќ“, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 07 јули 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-5319/1
09.07.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 5/02), а во врска со член 4 и член 30 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09“), Советот на Општина Кисела Вода на Триесеттата пленарна седница одржана на 07 Јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
за воспоставување соработка помеѓу
Општина Кисела Вода и Градот Скопје
заради изградба на крак од улица „Вера Јоциќ“

Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Градот Скопје заради остварување на заедничка цел и интерес – изградба на крак од улица „Вера Јоциќ“.

Член 2

Општина Кисела Вода ќе изработи проект за изградба на крак од улица „Вера Јоциќ“, и истиот е должна да го достави до Град Скопје со денот на потпишувањето на договорот за меѓуопштинска соработка.

Член 3

Градот Скопје за изградба на крак од улица “Вера Јоциќ“ ќе обезбеди финансиски средства од Буџетот на Град Скопје за 2015 година во износ од 1.513.000,00 (еден милион петстотини и тринаесет илјади) денари, кои ќе ги користи исклучиво за изградба на крак од ул.„Вера Јоциќ’, во согласност со прописите со кои се уредува градба на таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

Член 4

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ‘’Службен гласник на Општина Кисела Вода “.

Број 09-4979/3
07 Јули 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените на бесправно изградениот објект и земјиштето во КП 1953/8 КО Драчево 2

1.Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените на бесправно изградениот објект и земјиштето во КП 1953/8 КО Драчево 2, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 07 јули 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 8-5319/2
09.07.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/05 и “Службен гласник на Општина Кисела Вода” бр. 13/2006) и член 10, став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/201, 155/2012, 72/13, 44/14, 115/14 и 199/14) и член 2 став 1 алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ,,(Службен весник на РМ“ број 56/2011,162/2012 и 64/2015), Советот на Општина Кисела Вода на Триесеттата пленарна седница одржана на 07 јули 2015 година, донесе

ОДЛУКА

за донесување на урбанистичко – планска документација
со која ќе се изврши усогласување на намените на бесправно изградениот објект
и земјиште во КП 1953/8 К.О. Драчево 2

Член 1

Се донесува Одлука за донесување на урбанистичко – планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената на земјиштето – индустрија (Г) и намената на бесправно изградениот објект – хотел (А 4-1) во КП 1953/8 од Имотен лист број 191473 во К.О. Драчево 2 во согласност членот 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправен објект во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 56/2011,162/2012 и 64/2015).

Цел на донесување на Одлуката од став 1 на овој член е утврдување на правен статус на бесправен објект кој се наоѓа на КП 1953/8 КО Драчево 2, по поднесено барање заведено под број уп.бр. 08 - 6893 од 18.08.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-4979/4
07 Јули 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Зоран Димовски

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Зоран Димовски, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 07 јули 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода

Број 08-5319/3
09.07.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по Барањето на Зоран Димовски од Скопје под бр.08-4593/1 од 11.06.2015 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесеттата пленарна седница одржана на 07 Јули 2015 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Зоран Димовски

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.08-4593/1 од 11.06.2015 година на Зоран Димовски од Скопје и се одобруваат парични средства во износ од 20.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.,,Шиндаровска,, бр.8 с.Драчево-Скопје.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ".

Број 09-4979/5
07 Јули 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 13-2723 од 08.07.2015 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), а во врска со член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

1. Согласно член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/05, бр. 110/08 и бр. 51/11), да се изврши јавната објава уп. бр. 13–2723 од 08.07.2015 година, во службеното гласило на Општина Кисела Вода, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2519/1 и КП 2519/2 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13 по ДУП Пржино 1, дел од урбан блок 1, измена и дополна, Одлука бр. 07-8103/12 од 14.11.2012 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12/2012 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 22.06.2015 год. е издадено Одобрение за градење на објект со намена домување во станбена куќа - А1 од втора категорија, на ул. Мариовска бр. 14 б во Скопје, на КП 2519/1 и КП 2519/2 КО Кисела Вода 1, со уп. број 13 – 2723 од 22.06.2015 год. и заверен е Основен проект – архитектура за изградба на станбена куќа – А1 на ул. Мариовска бр. 14 б во Скопје, на КП 2519/1 и 2519/2 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13 по ДУП Пржино 1, дел од урбан блок 1, измена и дополна, изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, со седиште на ул. „Скупи“ бр. 5А во Скопје по барање на соинвеститорите Благоја Кочовски од Скопје, со стан на ул. „Мариовска “ бр. 14 б и Трговско друштво за производство, трговија, услуги и транспорт „КОД ИНЖЕНЕРИНГ“ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Маршал Тито“ бр. 12/12 во Струмица.

2. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Уп. бр. 13-2723 од 08.07.2015 год.
СКОПЈЕ

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Општина Кисела Вода - Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи, локациски, одобренија за градење и употребни дозволи, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи за издавање на одобрение за градење, ги известува сите непосредни сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2519/1 и КП 2519/2 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13 по ДУП Пржино 1, дел од урбан блок 1, измена и дополна, Одлука бр. 07-8103/12 од 14.11.2012 год., Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 12/2012 год., како и сите заинтересирани странки, дека на ден 22.06.2015 год. е издадено Одобрение за градење на објект со намена домување во станбена куќа - А1 од втора категорија, на ул. Мариовска бр. 14 б во Скопје, на КП 2519/1 и КП 2519/2 КО Кисела Вода 1, со уп. број 13 – 2723 од 22.06.2015 год. и заверен е Основен проект – архитектура за изградба на станбена куќа – А1 на ул. Мариовска бр. 14 б во Скопје, на КП 2519/1 и 2519/2 КО Кисела Вода 1, ГП бр. 13 по ДУП Пржино 1, дел од урбан блок 1, измена и дополна, изработен од Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје, со седиште на ул. „Скупи" бр. 5А во Скопје по барање на соинвеститорите Благоја Кочовски од Скопје, со стан на ул. „Мариовска " бр. 14 б и Трговско друштво за производство, трговија, услуги и транспорт „КОД ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Маршал Тито" бр. 12/12 во Струмица.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, бр. 124/10, бр.18/11, бр. 36/11, бр. 54/11, бр. 13/12, бр. 144/12, бр. 25/13, бр. 79/13, бр. 137/13, бр. 163/13, бр. 27/14, бр. 28/14, бр. 42/14, бр. 115/14, бр. 149/14 и бр. 187/14), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 1, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и петок од 13 -15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настдства во износ од 60.000 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.,,Тушинска,, бр.13 Драчево.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А:

1. Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Кисела Вода и Градот Скопје заради изградба на крак од улица „Вера Јоци;...........................................
..............................................................................................................................4

2. Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените на бесправно изградениот објект и земјиштето во КП 1953/8 КО Драчево 2;...........................................................................7

3.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Зоран Димовски;..................................................................................................................9

4.Јавна објава бр Уп.бр. 13-2723 од 08.07.2015 година (КОД ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Струмица ); ......................................................................................................11